**Претходно соопштение**

**UDC 2-264**

# ЗА ОНТОЛОГИЈАТА НА ИГРАТА И ПОРЕДОКОТ

**Светлана Камџијаш**

*Педагошки факултет „Свети Климент Охридски“, Скопје, Македонија*

**Key words:** game, myth, cosmic order, truth, hide-and-seek game, sacrifice.

**Summary:** The goal of this article is to examine the ontological basis of game and playfulness, which has its origin in the very beginning of the human culture as expressed in mythical consciousness. It researches the cosmology of different myths from Eastern and Western provenience, especially the ‘covering’ themes, the symbolism of primordial waters, the night, the state of sleep; as a draft that suggests the experience of the world as a hide-and-seek game of covering and discovering. The last part of the text deals with the ‘rules of the game’, the cosmic order and the place of the related rituals and sacrifice, as a discovering factor.

## Природата на митот

> Зборот, неуништливиот, е Првородениот од Вистината, тој е мајка на крајниот Увид и јадро на Бесмртноста.
>
> Таитирија Брахмана, 8, 8, 5.

Еднаш Умот и Зборот се расправаа. „Јас сум извонреден“, рече умот, и Зборот рече: „Јас сум извонреден“. Тогаш Умот образложи: „Сигурно сум подобар од тебе, зашто ти не кажуваш ништо што претходно не било разбрано од мене. Значи, бидејќи ти само го подражаваш она што го правам и едноставно само ме следиш, со сигурност сум подобар од тебе“. На тоа Зборот рече: „Сигурно сум подобар од тебе, зашто што и да знаеш ти, јас правам тоа да биде знајно“.

Брахмана на стоте патишта (Шатапатха Брахмана) 10, 5,3, 1-3.

Како би можела мислата да го изрази вонвременското, кога самата се изразува во некое од трите времиња?! Како да го опфати сеопфатното и безодносното, кога самата е сплет од соодноси?!

Обмислувањето на светот неизоставно го опфаќа прашањето за неговото потекло, а со тоа мислата задира во она што го надминува појавното како условено и релативно. Првите проникнувања кои се однесуваат на она што е зад почетокот на времето и просторот, зад појавниот свет, а кои го определуваат светот во сооднос со вонвременското - како извор и содржател на сите вредности, се во митолошката метафизика. Таа е коренот на многуслојното дрво на културата. Па и самиот збор `култура` е настанат од латинскиот збор cult(us), кој е неодвоиво поврзан со митолошката свест и нејзиното доживување на светот како неразделна симбиоза на видливото со невидливото. Еден од можните прикази на манифестациите на културата е јадрото на нејзините вредности, од кое во поширок круг се врзуваат ритуалите, потоа јунаците и во последниот слој – симболите. „(...) Религиските митологии се извесна варијанта или историска партикуларизација на една појава која може да се зафати во нејзината темелна карактеристика, и таа митологија ја врзува едно суштинско, функционално софпаѓање со производите кои се создаваат – исто и во нашата култура – во сите облици на човечкото општење: во интелектуалната дејност, во уметничкото создавање, во соживотот опфатен со моралните вредности, во самиот технолошки напор, во сексуалниот живот“, вели Колаковски (Kolakovski, 1989: 9). Де Ружмон се прашува дали се митовите наш изум или сме ние нивен (De Rugeamont, 1986: 20), можеби знаејќи дека извонреден одговор на тоа прашање, некој век пред него даде Шелинг, во своите десет предавања посветени на митологијата, постапно оспорувајќи ги дотогашните теории, за да докаже дека митовите не се ничиј `изум`, ниту на некој одреден народ, а уште помалку на некој поединец, туку тие се `органски производ` на човештвото, настанати во длабока синтеза на философското и поетското во самиот процес на создавањето на јазикот, а нивниот извор, кој е во нешто трето, ги надминува и поезијата, и философијата. „Речиси сме во искушение да кажеме: јазикот е само избледена митологија, во него само во апстрактните и формалните разлики се зачувало она што митологијата го има во живото и конкретното“. (Scelling, 1988: 60)

Оттука митовите, особено оние за `почетокот`, го скицираат соодносот на појавниот, искуствен свет со вонвременското: вистината, бивствувањето, вредноста, убавината. Нивниот многуслоен, митски јазик во себе ја носи негацијата за сопствената фактичност, „ја порекнува случајноста на светот“ .(Kolakovski, 1989: 168)

Меѓу митолошките слики за создавањето на светот, кои можат да се сведат на неколку вида, имено: мотивот за космичкото јајце или златниот зародиш; создавањето ex nihilo; преобразувањето на безредието (хаосот) во ред (космос); оплодувањето на темната матрица (примордијалните води) од духот, односно, таткото Небо и мајката Земја; исјајувањето на световите од сеопфатниот Апсолут или нивно создавање преку празвукот – Зборот; умножувањето на Прародителот преку негово жртвено делење или пак, негово ``обвиткување`` односно ``препокривање``, има такви кои поексплицитно укажуваат на игривото доживување на секоја појава, тргнувајќи од појавувањето на универзумот. На нив ќе се задржиме.

**Deus ludens et homo sapiens**

> **"**It is not entirely wrong when the printer exchanges 'cosmic' for 'comic'."
>
> Честертон

Неоспорно е дека играта претставува еден од основните елементи на човечката, па и на животинската природа. Играта има свои филосовски, културолошки, социолошки, психолошки, воспитни и конечно, биолошки аспекти. Секој сака да си игра. Зошто? Играта е радосното, непредвидливото, празничното. Таа е носител на една од најбесцелните и најпријатните состојби – смеата.

Кои се формалните обележја на играта?

Во својата студија посветена на играта, Хојзинга издвојува неколку од нејзините суштински карактеристики. Играта е самостојна категорија. Таа е пред сѐ слободен чин, зашто играта под заповед повеќе не е игра. Не е `обичен`, ниту `вистински` живот. Нејзината завршеност или омеѓеност е третото обележје. Се одигрува во одредени граници на времето и на просторот. Нејзиниот тек и смисла се наоѓаат во неа самата. Потоа повторливоста, која не важи само за неа самата, туку и за нејзината внатрешна градба. Играта врзува и ослободува, таа премалува, прогонува, што значи, *маѓепсува.* Последното обележје е напнатоста, исчекувањето како „некакво тежнение кон опуштање" (Huizinga, 1870: 9-33).

Без сомнение, маѓепсното е она што најмногу воодушевува и плени во играта. Малите деца врескаат од задоволство, а натпреварот ја доведува до лудило непрегледната толпа. Просјакот може да владее со светот и да ги прима сите почести божем е принц, палавото дете да биде строг учител или да лета низ вселената, може да се одвиваат разговори и дејства со натприродни суштества, да се посети светот на

мртвите, робот да биде господар, а човекот – Бог. Во божемното СÈ може! Играта плени со неисцрпни можности. Така преку неа, човек ја `мери` својата граница, а бидејќи таа е над животот како praxsis и pragma, на некој начин го сублимира и ја извлекува притаената смисла на нештата.

Но, се разбира дека не сите игри се игри на моќ. Во бескрајните можности на игата, постои и онаа за препуштање и потчинување. Затоа Кајоа (Kajoa, 1979: 42-65) определува четири прецизни категории на игрите. Натпреварувачките (Агон), кои претпоставуваат барање на личната одговорност; игрите на среќа (алеа) – напуштање на волјата и препуштање на судбината; преправањето (мимикрија) кое се протега од преправањето на инсектите до сложените театарски форми; и вртоглавите игри (илинкс) кои се состојат во обидот барем за миг да се наруши стабилноста на перцепцијата и на чистиот разум да му се наметне еден вид сладострасна паника.

Од сево ова, за нас е најважно каде можеме да ја согледаме игривоста во митолошките слики за чинот на создавањето на светот. Таа е повеќе од очигледна во митовите за `препокривањето`. Во најраните аријски монистички митови, пред почетокот на сè, сеопфатното Битие, Едното е само во тишината. Тоа посакува да стане многу (мноштво). Од силата на неговата мисла произлегува првиот трепет - божицата Ваак, која ја нарушува тишината. Нејзиното име буквално значи Збор, Слово (логос). Со изговарањето на првото Слово, првичната сеопфатност е скршена, започната е играта на делчињата (јас-светот, субјект-предмет), потекува космичката песна со која Битието самото себеси се објаснува, а космичките принципи останува да бидат само фрагменти од таа скршена тишина. Едното, сеопфатното – изразено преку потполната тишина, се `препокрива` со трепет – така започнува времето, промената и играта на спротивностите, што се прелеваат едно во друго (појавувањето во исчезнување, светлината во темнина, растењето во опаѓање).

Овој мит се појавува во различни варијанти. Додека сеопфатниот Бог спие врз Океанот на Причината, од неговото средиште изникнува чудесен лотос; или божицата излегува од неговата уста, па тој се вљубува и заедно го создаваат светот, ... Во грчките митови од

сеопфатниот океан излегува божицата на сите нешта Еуринома[1], која танцува и го создава ветерот; или пак во орфичкиот мит божицата Ноќ на која Ветерот ѝ се додворува...

За сите овие митови, заеднички симбол е препокривањето: примордијалните води, темнината, сонот. Водите овде не би требало да се поистоветуваат со елементот вода. Митолошките води се еден вид неразлачена матрица од која произлегуваат сите нешта. Земени се како симбол затоа што природата на водите „не е ниту воздушеста ниту цврста – материјална. Тие се на земјата, а доаѓаат од небото, животодајни се, но можат да бидат и смртоносни, прочистуваат, но можат да бидат и мочуришни, пловат по површината, но можат да бидат и подземни, исто како и телесни, можат да заземат секаков облик и имаат неограничена слобода, а сепак не се врвни (Според Чандогја Упанишад 7, 10 -1,2). Водите ја носат божествената енергија што прочистува, исто како што крвта е носител на човечкиот живот, но не е животниот принцип. Што е, помоќно поогромно и подлабоко од ширниот океан? Што е помистериозно, попотребно, покаприциозно и што повеќе поплавува од дождовите, носители на плодноста?“ (Според Риг Веда 5. 83.2) Водите се амбивалентни, без нив не може да се живее, а можат да преплават и да удават. Во бајките постои `жива вода` со која се оздравува или се добива вечен живот, но постојат и реки на заборавот, како Лета во старогрчката митологија, или како во нашите приказни, реки кои можат од човек да направат штрк, или пак ги прават сите јазици достапни. Водите личат на огледало, во нив се огледува, односно `се умножува` духот, Ветерот, Бог – отелотворувајќи се во мноштво живи облици. Тие асоцираат на мајчината утроба, на заштитеност и единство. Сепак, едно од најдлабоките значења е поврзано со гаснењето на жедта, која не е само телесна. Жедта е коренот на постоењето. Жедни се сетилата за нови дразби, умот за сознанија, човекот за доживувања. Бистрите води се симбол на љубовта, која ја гасне егзистенцијалната жед и ја враќа состојбата на ситост и на потполност. Затоа од космичкото јајце на Ноќта прв излегол Ерос.

Темнината исто така препокрива и изолира, во неа сè е притаено, латентно, безживотно и студено. Од неа не може да се види

---

[1] Еуринома, од еурис - насекаде распространето, и номос – владее. Идентично е името на сеопфатниот апсолут во Ведите – *Брахман*, од коренот *брих*, буи, се шири, расте.

ништо, зашто таа е симбол на незнаењето, односно на скриеното, препокриено знаење, заборавот. Таа ги става границите, зашто ако е сè светлина, нема да има поединечни облици. Темнината може да се разбие со светлина, но не и обратното, оттаму, таа нема онтолошка основа, претставува само отсуство на светлината.

И конечно сонот, кој прекрива создавајќи илузии, божем сето тоа е вистина. Самиот збор илузија доаѓа од il-lusio, де се влезе во игра, играта на привидот. Во сонот можеш да бидеш и некој друг и на друго место. Оттаму и будењето е сеќавање за вистината и за повторно раѓање. Еве како Руис (Руис, 2006: 70) го раскажува митот за Брахма и за Маја, божицата на илузијата.

Брахма (Бог-творец) бил сам, и бидејќи немало ништо друго освен него, му било здодевно. Посакал да игра, да создава, да сака, но немал со кого. Така ја создал убавата божица Маја, прекрасната танчерка чии движења се сиот овој свет. Откако ѝ ја објаснил целта на нејзиното постоење, таа рекла: „Добро, ќе ја играме најинтересната игра, но јас ќе ги поставам нејзините правила.“ Брахма се согласил, па според нејзините упатства ги создал Сонцето и ѕвездите, Месечината и планетите. Потоа го создал животот на Земјата, животните, морето, воздухот. Маја рекла: „Колку е убав овој свет на илузии што го создаде! Сега сакам да создадеш суштество кое е доволно свесно и интелигентно за да му се восхитува на твоето дело.“ Така Брахма ги создал луѓето, па кога завршил, ја прашал кога ќе почне играта. „Почнуваме веднаш“, рекла таа. Тогаш, таа го исечкала Брахма на илјадници бескрајно мали делчиња и во секој човек ставила по едно, со зборовите: „Играта почнува! Јас ќе правам да заборавaш кој си, а ти ќе се обидуваш да се пронајдеш.“ Маја е илузијата на светот, а Брахма се обидува да се сети кој е.

Овој мит има многу варијации во индиската митологија. Понекогаш место Маја (креативната енергија на илузијата) се појавува Сенката или Природата. Во сите овие митови, вклучувајќи го и египетскиот мит за Озирис, Бог е распарчен на делчиња кои живеат сопствен живот, заборавајќи на целината, што значи, обвиткани од привидот на посебноста. Сите митови и приказни за заборавениот идентитет, вклучувајќи ги и оние слични на приказната за блудниот син, се негов одглас.

Во митовите за „препокривањето“ појавниот свет се согледува како загатка што бара откривање, огромна мижитатара на вистината,

која љуби да се крие. Барем во словенските јазици, етимологијата на зборот `вистина` ја носи својата јасна мисловна определба, слична на онаа кај индоевропскиот корен, санскритскиот збор – *сатја*. Ако `вистината` е она што е `во исто` (ваистина), односно `во истост`, следи дека под вистина се подразбира она што е еднакво на самото себе, она што не подлежи на промени. Во име на играта на разоткривањето, сознавањето и препознавањето, Битието си става маски (грч. персона), се преправа во поединечни личности, слично на космичкиот човек Адам Кадмон од Кабалата, чие тело е космосот составен од сите живи суштества. Оттаму, задачата на откривачот би била - во Хераклитовата бескрајна река од промени, во светот кој постојано се преобразува, се престорува и се преоблекува, да го пронајде она што е секогаш еднакво на себе - вистината[2].

Чекор понатаму од криенката оди митот во кој светот го создава божествено дете во игра. Низ долгогодишните истражувања, овој мотив го сретнав само на две места, во Брахманите (Shatapatha Brahmana, 13, 7, 1.1) и кај Цепенков (Цепенков, 1980: 5). Во ведската космогонија божественото дете го создава светот од љубов кон татка си, за да го израдува, додека кај Цепенков митот добива христијанска глазура, малиот Исус, прави чудесни топчиња што ги фрла нагоре, создавајќи го Сонцето, планетите и Млечниот Пат, во реалистичниот цепенковски манир на раскажување.

**Невидливата мрежа на поредокот**

Јасно е дека секоја игра има свои правила. На што би личел, на пример шахот, или фудбалот без правила? Играта би станала непријатна за учество и за набљудување. Во универзумот ништо не мирува, сè си ја следи постојаната патека. Таа невидлива патека, по која се движат: растењето на најмалата тревка, реките, огнот... во најраната аријска култура се нарекува *рита,* а во европските јазици најприближен превод би бил – космички ред. „Зората се раѓа од *рита,* според неа сонцето ја влече својата златна кочија, а космичкиот чувар (Варуна) ја одржува правдата, реките течат според исправноста, сонцето сјае во вистината, а на небото, ненарушлив е патот на старите

---

[2] Исто како зборот `вистина`, санскритскиот збор *сатја*, доаѓа од коренот *сат,* кој значи постоење, она што секогаш е, или постои (битието), наспроти облиците кои се во постојано создавање, растење, опаѓање и исчезнување. Слична е етимологијата на хебрејското име на Бог, Јах-Вех, кое буквално значи – јас сум Оној кој е, Оној кој секогаш постои (еднаков на самиот себе).

богови...“ (Според Риг Веда, 1,105) Или како што вели Хераклит, „Хелиј (Сонцето), нема да ги пречекори своите патеки, инаку ќе го пронајдат Еринниите, помошничките на Правдата.“ (Diels, 1983: 158) *Рита* го претставува примордијалниот динамизам кој е инхерентен во сѐ, а кој самиот има внатрешна кохерентност, која ги држи елементите во хармонија. Коренот на овој збор на санскрит е `*ар*`, што значи придвижување, соодветност, ред, правило, сезона, *риту* – сила, исправеност, правилност. Во индоевропските јазици *ар* – она што соодветствува, што одговара, што е аранжирано, поредокот на динамичкото движење. Од него произлегол грчкиот *арете* – најшироко преведен како доблест, латинскиот ritus – обичај, церемонија, обред. Не се работи за некој слеп природен закон. Освен ритамот на космосот и на природата, со *рита* е означено доблесното однесување на луѓето и соодветното време за жртвените обреди, како и нивното правилно изведување. Словенскиот корен на зборот `обред` го изразува истото. Обред е она што е наменето `за редот` за да се одржи редот. „Со блескава златна чашка е скриено лицето на вистината, а ти Пушан[3], разоткриј го, за да го видам јас, кој живеам во закон и исправност“. (Иша Упанишад, 15).

Жртвениот обред во митската свест не е нешто што се прави за да се помине од редот. Тој ја поттикнува и одржува хармонијата на космосот, кој без доблеста, би се распаднал, како што покажуваат есхатолошките митови. Во нив, поради несоодветното однесување на човекот, складот меѓу елементите се нарушува така што еден од нив преовладува и космосот се претвора во хаос. Всушност, што значи нешто да се жртвува? Тоа претпоставува да се има слобода на избор. Човек не може да се задлабочи истовремено во повеќе нешта или да прави повеќе нешта. Оној што се решил да проговори, го жртвува молкот, оној што спие ја жртвува будната состојба. Ако вистината е скриена зад ова мноштво исткаено од спротивности, тогаш со негово жртвување, таа би можела да се согледа. Како најлесно сево ова се жртвува? Преку огнот кој има моќ сѐ што постои да сведе на едно – пепел и светлина. И во христијанските обреди се спомнува: „Од пепел сме и во пепел се враќаме“. Но, обредот на согорување има и свое повисоко ниво, тоа е внатрешното согорување во микрокосмосот-човек. Преку внатрешно `жарење`, согорува внатрешната темнина, внатрешната одвоеност од големото единство. Така и обредот, кој сам

[3] Облик на божество на светлината, кое го осветлува патот.

по себе претставува свечена игра во која учествува видливото устремено кон невидливото, поточно видливото кое се жртвува во име на невидливото - трајното, е всушност играта на враќање назад, кон вистината.

„Учеството во митот - барем во нашата култура - е вечен предизвик за разумот, узурпаторство во однос на монополот на власта која над нас ја имаат 'затечените во природата' потреби на нашето тело." (Kolakovski, 1989: 170) Можноста преку свечената игра да се земе удел во распоредот на космичките сили, сама по себе го потврдува надлогичното место на човекот во космосот.

**Литература:**


Grevs. Robert. 1987. *Grčki mitovi*, Nolit: Beograd

De Rugeamont. Denis. 1985. *Mitovi o ljubavi,* NIRO Književne novine: Beograd

Diels. H. 1983. *Predsokratovci,* Naprijed: Zagreb,

Huizinga. Johan. 1970. *Homo Ludens,* Matica Hrvatska: Zagreb

Kajoa. Rože. 1979. *Igre i ljudi,* Nolit: Beograd

Kolakovski. Lešek. 1989. *Prisutnost mita,* Pečat: Beograd

Panikkar. Raimundo. 1977. *The Vedic Experience – an anthology of the Vedas,* Motilal Banarsidas Publishers: Delhi

Руис. Дон Мигуел. 2006. *Четирите спогодби*, Лотос: Скопје.

Scelling. F. W. J. 1988. *Filozfija mitologije,* OPUS: Beograd

Цепенков. Марко К. 1980. *Македонско народно творештво* 7, Македонска Книга: Скопје.